# ИНДЕКСИРАНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОСТВАРЕНИ ПРИНОСИ ОД ПОСЕВИ

Друштво за неживотно осиг...
КРОАЦИЈА ОСИГУРУВА...
Бр. 0202-8530/7-1
29.10 2015 год.
СКОПЈЕ

## УСЛОВИ НА ПОЛИСАТА

### 1. Вид на осигурување

1.1 Оваа полиса се однесува на индексирано осигурување и му овозможува на Осигуреникот исплата на осигурување во случај на осигурен настан.

1.2 Осигурен настан се случува кога вистинскиот просечен принос во општината за индексната општина во која се одгледува осигурениот посев во сезоната на посев наведена во Полисата, проценет во согласност со клаузулите 8.1 и 8.4, е помал од осигурениот принос наведен во полисата.

1.3 За целите на оваа полиса, договорено е вистинскиот просечен принос во општината за индексната општина во која се одгледува осигурениот посев да биде соодветна замена за вистинскиот принос од осигурениот посев на Осигуреникот.

### 2. Карактеристики на осигурување

2.1 Во согласност со ограничувањата наведени како важна напомена во Полисата, оваа полиса му овозможува на Осигуреникот исплата на осигурување кое ќе му послужи како помош за покривање на претрпените загуби и направените трошоци поради значително намалениот принос од осигурениот посев којшто е резултат на еден или повеќе климатски, природни или биолошки ризици, но без покритие за било какви специфични загуби или трошоци.

2.2 Обврската на Осигурителот да изврши исплата на осигурување во никаков случај не се поврзува со друга осигурителна полиса која Осигуреникот може да ја има и да се однесува на загуби од осигурениот посев или во врска со истиот.

2.3 Обврската на Осигурителот во никаков случај нема да ја надмине вкупната осигурена сума наведена во Полисата.

### 3. Интерес кој може да се осигура

3.1 Осигуреникот нема обврска да ја купи оваа полиса, освен ако на датумот на почеток на полисата Осигуреникот поседува или издава земјиште во индексната општина кое се користи за одгледување на осигурениот посев.

### 4. Осигурен принос и осигурена сума

4.1 Осигурениот принос се пресметува како процент од очекуваниот принос од осигурениот посев во индексираната општина, како договор меѓу Осигурителот и Осигуреникот, и како што е наведено во Полисата.

4.2 Сумата по хектар осигурителен посев е договорена вредност по хектар меѓу Осигурителот и Осигуреникот, како што е наведено во Полисата.

4.3 Осигуреникот е должен да ја пријави површината на посевот кај Осигурителот која сака да ја осигура во индексираната општина во хектари, а која ја сочинува осигурената област, како што е наведено во полисата.

4.4 Вкупната осигурена сума се пресметува со множење на осигурената сума по хектар и осигурената област, како што е наведено во полисата.

## 5. Премија

5.1 Премијата се пресметува со множење на вкупната осигурена сума наведена во Полисата и премиската стапка која одговара на избраното ниво на покритие на осигурениот принос наведено во планот и избрано од Осигуреникот, како што е наведено во Полисата.

5.2 Премијата треба да се плати на или пред датумот за наплата наведен во полисата.

5.3 Ако премијата не се плати целосно на или пред датумот за наплата, оваа полиса се поништува и Осигурителот нема никакви обврски кон Осигуреникот во случај на осигурен настан.

## 6. Период на покритие

6.1 Периодот на покритие:

- започнува на датумот на почеток на покритието, и
- завршува на датумот на крај на покритието, наведени во Полисата.

## 7. Сума на осигурување

7.1 Доколку се случи осигурен настан, Осигурителот ќе му исплати осигурување на Осигуреникот коешто се пресметува според формулата наведена во Полисата, но во согласност со максималната наплата наведена во клаузула 2.3.

7.2 Осигуреникот не е должен да приложи доказ за претрпени загуби или направени трошоци, или за степенот на какви било претрпени загуби или направени трошоци.

## 8. Постапка за одредување дали се случил осигурен настан и за известување за наплата на осигурување

8.1 Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗС) ќе биде одговорен да ја обезбеди и достави официјалната проценка на вистинскиот просечен принос во општината за осигурениот посев во периодот на покритие за секоја индексирана општина до Европа РЕ не подоцна од 31от ден на месец Декември за секоја тековна година.

8.2 Европа РЕ ќе биде одговорна да ги достави податоците од ДЗС за принос по општина до Осигурителот во рок од 48 часа од добивање на овие податоци од страна на ДЗС.

8.3 Процедурите за проценка на принос од страна на ДЗС на општинско ниво и официјалната проценка на вистинскиот просечен принос по општина ќе бидат јавно објавени по датумот на известување на веб страницата на ДЗС: www.stat.gov.mk и ќе може Договорувачот/Осигреникот истите да ги провери.

8.4 Со помош на проценката на вистинскиот просечен принос во општината обезбедена од ДЗС, Осигурителот во рок од 14 дена од датумот на известување специфициран во Полисата

ќе:

- одреди дали се случил осигурен настан и дали е достасана обврската за исплата на Осигуреникот, и
- го извести Осигуреникот според методот наведен во клаузула 13.1 дали обврската за исплата е достасана, и ако е, да го извести за сумата на исплата;
- изврши исплата кон Договорувачот за достасаната обврска.

### 9. Времетраење на полисата

9.1 Полисата отпочнува и станува обврзувачка на датумот на почеток.

9.2 Полисата завршува, освен ако истата претходно престанала да важи со договор меѓу Осигурителот и Осигуреникот:

- ако се случи осигурен настан, веднаш откако Осигурителот му ја платил целата достасана обврска на Осигуреникот, и
- ако не се случи осигурен настан на датумот на крај на покритието.

### 10. Измена на полиса

10.1 Полисата може да се измени само со меѓусебен писмен договор меѓу Осигурителот и Осигуреникот.

10.2 Било какви измени во полисата ќе се додадат кон полисата со индосамент.

### 11. Несовесност и измама

11.1 Ако Осигурителот направи несовесна или измамничка штета кон исплатата на осигурувањето од оваа полиса, истата ќе биде поништена, Осигуреникот нема да има право на било каква исплата на осигурување и Осигурителот ќе ја откаже премијата.

### 12. Разрешување на спорови

12.1 За секој спор помеѓу договорените страни кој не може да се реши со договор, ќе биде одговорен надлежниот суд на Република Македонија.

### 13. Забелешка

13.1 Осигурителот може да го известува Осигуреникот за било која работа која произлегува од или е во врска со полисата само:

- со писмено известување на адресата на Осигуреникот наведена во полисата
- според начин на комуникација одреден во полисата, или
- на друг начин договорен меѓу Осигурителот и Осигуреникот.

13.2 Осигуреникот може да го известува Осигурителот за било која работа која произлегува од или е во врска со полисата само:

- со писмено известување на адресата на Осигурителот наведена во полисата, и
- на друг начин договорен меѓу Осигурителот и Осигуреникот.

**14. Дефиниции**

*„Вистински просечен принос во општината“* - просечен принос во килограми по хектар осигурен посев одгледуван во индексираната општина во текот на периодот на покритие одреден во согласност со клаузула 8;

*„Датум на почеток на покритие“* - датумот на почеток наведен во полисата;

*„Датум на крај на покритие“* - датумот на крај наведен во полисата;

*„Очекуван принос“* - традиционалниот просечен принос од осигурениот посев во килограми по хектар (kg/Ha) во индексираната општина, како што е наведено во полисата;

*„Индексирана општина“* - општината наведена во полисата;

*„Осигуреник“* – претставува лице кој е сопственик на осигурениот посев/земја или овластено лице кое го обработува посевот/земјата и во чија корист се склучува Договорот за осигурување. Ако тоа лице е Договорувач, истото лице е осигуреник.

*„Осигурена површина“* – претставува култивирана површина во хектари од осигурениот посев одгледувана од страна на Осигуреникот во индексираната општина во текот на периодот на покритие, и која Осигуреникот одлучил да ја осигури, како што е наведено во Полисата;

*„Осигурен посев“* - посевот осигурен со полисата, како што е наведено во полисата;

*„Осигурен настан“* - значењето е дедено во клаузула 1.2;

*„Осигурен принос“* - принос во килограми по хектар осигурен посев наведен во полисата;

*„Осигурител“* – е Осигурителната компанија наведена во Полисата.

*„Датум на известување“* - последниот датум според кој ДЗС официјално ќе ги објави податоците за вистинскиот просечен принос во општината;

*„Сума на осигурување по хектар“* – сумата на осигурување по хектар наведена во полисата којашто е избрана од Осигуреникот. Таа се пресметува како помножена сума од осигурениот принос по кг/ха и единичната осигурена вредност во мкд/кг.

*„Полиса“* – осигурителниот договор помеѓу Осигурителот и Договорувачот.

*„Договорувач“* – претставува лице кое има склучено Договор за осигурување со осигурителот.

*„Вкупна осигурена сума“* - вкупната осигурена сума наведена во полисата којашто е избрана од Осигуреникот. Таа се пресметува како помножена сума од сумата на осигурување по хектар и осигурената површина, како што е наведено во Полисата.

***Индексираното осигурување на остварени приноси од посеви е производ дизајниран и развиен во рамки на проектот ИОКР ЈИЕ (Инструмент за осигурување од катастрофални ризици во југоисточна Европа). Производот е поддржан од Европа Ре.***